РАБОТНИЧКИ УНИВЕРЗИТЕТ "БЛАГОЈ СТРАЧКОВСКИ" ВЕЛЕС

# *Ликовна колонија Велес '99*

*Велешката Ликовна Колонија одржана летото 1999 год. претставува континуитет на оваа уметничка манифестација која со своето четиригодишно постоење на културната сцена на Велес го надополнува мозаикот на ликовни колонии кои се одржуваат ширум нашата земја. Оваа колонија претставуваше место каде твореа автори од Балканот и каде можеа да се евидентираат сферите на уметничките творби . Како последица на различната провениенција на уметниците и широкиот спектар на ликовни стилови. Периодот во кој се одржуваше колонијата уште еднаш го потврди космополитскиот дух на уметноста бидејќи оваа манифестација во своите рамки ги збратими на едно место уметниците на Балканот во време кога на овој простор Историјата повторно ги пишуваше своите крвави страници.*

*Богатството на творбите од колонијата се должи на различниот уметнички пристап во нивното создавање и презентација на моменталните ликови, уметнички и естетски сфери на интересирање на учесниците. Стилскиот плурализам е неизбежно на векот што помина и "последица на сознанието дека уметноста е автономна и како таква претставува збир на варијетети: "Имено творештвото настанато во рамките на колонијата овозможува патување низ правците на XX век.*

*Далечните призвуци на умерените импресионистички принципи вкомпонирани со посмирен Ван Гоговски манир и богат и интензивен колорит се одлика на делата на Ф. Исиман. Во сферата на фигурацијата В. Свеќаров ја претставува сопствената преокупација и човечката фигура во реален но застрашувачки простор. К. Каравит со својата преокупација за урбаниот живот на илустративен и во одредена мерка саркастично комичен начин во своето творештво предава мотиви од Велес. Така на едно место ги спротиставува илустративно изведените мотиви од техничкиот напредок наспроти кубистички фацетиранатa архитектура. Светот на фантазијата на Д. Немцов значи блискост со магичниот реализам и Магритовиот надреализам. Авторот во реално дефиниран простор распоредува анима креатури кои ја зголемуваат имагинарноста на просторот. Сепак на тој начин се овозожува да се открие фантазијата на еден автор. Во светот на имагинативните креатури не воведува и Ф. Хускович. Содржински длабоко разработената идеја од автор ја донесува преку исклучително богат колорит во еден експресионистички манир со силни движења на сликарската четка. Од друга страна Т. Чатмов донесува експресивно предаден простор кој потсетува на библиска илустрација со внимателна градација на боите како кај барокните уметници и успешно вкомпонирани релјефни елементи.*

*Една поголема низа автори творат под "Сонцето" на апстрактниот експресионизам, сликарството на боеното поле, лирската апстракција и спорадичните претстави на геометриската апстракција. Имено овие автори се стремат да го ценат личното и субјективното, а главна преокупација е што да се слика, а не како. Апстрактното сликарство прераснува во тотален приватен ритуал на визуелно прикажаната желба да се претстави на визуелен начин силно доживеаната емоција. С. Перовски со своите органски амалгами и метафори за еден друг надземен свет на фантазијата плови во сферата на апстракцијата. Делата на М. Марковска и М. Стефановска се одликуваат со истражувачки дух кон разителната моќ на бојата и сликањето на полиња со хроматско единство. Силата на боеното поле ја истражува и М.Минчев но во своето творештво внесува и елементи на сликарството на остриите рабови (Hard Edge Painting). Преокупацијата со бојата поставува императив и за авторите П.Перовски и Н. Ристович кои во своите дела предаваат успешно компонирано поле со богата колоритна текстура и брз но дисциплиниран уметнички ракопис. Д. Добрева, Х. Минчев и В.Темков во посмирена лирска апстракција, со богат колорит и експресивност во претставите ги презентираат моменталните уметнички преокупации. Од друга страна М. Хгадњим со својот сликарски изведен вертикален диптих повторно создава една заокружена целина.*

*Заедничката нишка на поврзување на творештвото од Ликовната колонија претставува експресионизмот сфатен како вечна школа без одреден стил но со одредена филозофија, кој се обновува со превземање на актуелни облици и средства за да неговото memento остане живо.*

*Василовска Анита*



***СВЕЌАРОВ ВЕЛЧЕ***
***МАКЕДОНИЈА***



***НЕМЦАРОВ ДРАГАН***
***БУГАРИЈА***





***МАРКОВСКА МАРИЈА***
***МАКЕДОНИЈА***



***ДОБРЕВА ДАРИНА***
***БУГАРИЈА***



***СТЕФАНОВСКА МАЈА***
***МАКЕДОНИЈА***



*СТОИКОВА НАТАЛИЈА*
*БУГАРИЈА*



*МИНЧЕВ МИНЧО*
*БУГАРИЈА*



*АНГЕЛОВ ЛАЗЕ*
*МАКЕДОНИЈА*



МАНЧЕВ ХАРИ - МАКЕДОНИЈА



ПЕТРЕВСКИ ПАНДЕ - МАКЕДОНИЈА



РИСТОВИЌ НЕНАД - С.Р. ЈУГОСЛАВИЈА



***ЧАТМОВ ТРАЈЧЕ - МАКЕДОНИЈА***



***ИШИМАН ШЕРИДИН - КИПАР***




***ТЕМКОВ ВЛАДИМИР - МАКЕДОНИЈА***



***ПЕРОВСКИ СПАСЕ - МАКЕДОНИЈА***



***ХУСКОВИЌ ФЕХИМ - МАКЕДОНИЈА***



***КАРАВИТ КАНЕР - ТУРЦИЈА***